Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-481/8
01-12-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-481/1 од 01.09.2023 година, поднесена од [redacted] со адреса на живеење во [redacted] за сторена дискриминација врз основа на политичка припадност, во областа на работата и работните односи, од страна на [redacted] Полициско одделение Ростуше, [redacted] СВР Тетово, Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/20), го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на политичка припадност во областа на работата и работните односи, од страна на [redacted] на Полициско одделение Ростуше, [redacted], СВР Тетово, Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија кон лицето [redacted] од с. Скудриње.

## Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) на 01.09.2023 година поднесена е претставка со архивски број 08-481/1, од страна на подносителот [redacted] од с. Скудриње, против [redacted] на Полициско одделение Ростуше, [redacted], СВР Тетово, Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, за сторена дискриминација врз основа на политичка припадност во областа на работата и работните односи.

Во претставката и доуредувањето на истата, подносителот наведува дека од страна на [redacted] на ПО Ростуше, [redacted], подолг период на сите можни начини, врз него била вршена директна дискриминација поради тоа што бил симпатизер на друга политичка партија и поради тоа што бил од с. Скудриње. Дискриминацијата активно ја трпел од февруари 2023 година кога вонредните ангажмани кај одредени негови колеги биле со сите часови додека тој бил ангажиран само 11 часа. Исто така од страна на командирот бил известен дека на 06 и 07.02.2023 година требало да оди на задолжителна обука во ПС Гостивар, а на која обука сите полициски службеници оделе со службено возило а на него му било кажано да се снајде со јавен превоз. Понатаму наведува дека во месец март 2023 година дел од

неговите колеги биле ангажирани со сите часови, а тој бил планиран само 3 пати за вонреден ангажман, но поради тоа што имал проблем со неговото дете не бил во можност да дојде на работа за ангажманот. Воедно наведува дека во ПО Ростуше од с. Скудриње биле вработени 5ца полициски службеници, двајца полициски службеници во една смена, други двајца во друга смена, а тој бил распореден сам со што повторно му бил предизвикан дополнителен трошок да патува од с. Скудриње до ПО Ростуше. Понатаму подносителот наведува дека на 01.05.2023 година побарал од командирот на ПО Ростуше да му овозможи користење на втор дел од годишен одмор за 2022 година поради семејни обврски, но именуваниот – според наводите на подносителот "од инает" користењето на одморот му го одобрил сметано од 09.05.2023 година, со одговор дека :"немам можност за тебе да ти удоволам...." Подносителот на претставката побара од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација да побара и изврши увид во евиденциите за работни часови од каде ќе станело јасно дека врз него е вршена дискриминација од страна на командирот на ПО Ростуше. На крај наведува дека е исто така деморализиран, вознемируван и понижуван со вулгарни зборови.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) се обрати до Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, Одделение за внатрешни работи – Гостивар, [redacted] на ПО Ростуше, [redacted] со Барање за произнесување број 08-481/4 од 25.09.2023 година, а со оглед да подолг временски период не беше доставен одговор по истотото, Комисијата повторно се обрати до потенцијалниот дискриминатор со Ургенција заведена под број 08-481/5 од 03.11.2023 година. По ова на 15.11.2023 година до Комисијата е пристигнато Произнесување, заведено под Рег бр. 22.27.6.1.5/324 од 10.11.2023 година. Во произнесувањето се наведува дека изнесените наводи во претставката се неосновани и неточни, а се однесува на тоа дека менаџирањето на ПО Ростуше, командирот го вршел согласно законите, подзаконските акти, Годишната програма за работа, месечните планови и насоки и други потреби на службата, а не според политичките убедувања, кое нешто не е дозволено во Министерството за внатрешни работи. Понатаму во одговорот, командирот на ПО Ростуше наведува дека се неточни наводите во претставката дека подносителот со самото отпочнување на работниот однос во МВР, поточно во ПО Ростуше бил дежурен, бидејќи истиот во ПО Ростуше бил полицаец од 01.03.2021 година, а од 01.04.2021 година бил прераспореден на работно место Виш полицаец – Дежурен во ПО Ростуше со Решение од 24.12.2020 година. Командирот на ПО Ростуше на ова место бил назначен од ноември 2018 година по пензионирање на поранешниот командир и посочува дека таксативно во одговорот ќе ги наведе вонредните ангажмани на подносителот на претставката сметано од 2019 година до февруари 2023 година кога според наводите на командирот – подносителот на претставката [redacted] самоволно и по негово барање нема вонреден ангажман од лични причини. Имено, полицискиот службеник [redacted] на 25.02.2023 година во дневниот распоред на ПО Ростуше бил планиран вонредно на работа во време од 11,00 до 17,00 часот. Истиот на 24.02.2023 година телефонски го известил Будимир Стефаноски дека имал неодложна работа во текот на следниот ден со неговата внука

во болница со укажување истото да му биде пренесено на командирот на ПО Ростуше, за што е составена Службена белешка. Во месец март 2023 година полицискиот службеник [redacted] бил планиран во дневните распореди за ден 04.03.2023 година во време од 20.00 до 02.00 часот во вонреден ангажман. Во врска со ова полицискиот службеник Н. Нецбедин бил известен на 03.03.2023 година дека Момед Курто на 04.03.2023 година не можел да дојде бидејќи имал планирано фамилијарни обврски и за истото е составена Службена белешка.

Понатаму во период од 10.03.2023 година до 28.03.2023 година додека командирот на ПО Ростуше користел отсуство поради годишен одмор, со ПО Ростуше раководел Водич на безбедносен реон [redacted]. Во овој период [redacted] исто така бил предвиден во дневен распоред за работа на вонреден ангажман за ден 20.03.2023 година во време од 20.00 до 02.00 часот, а во врска со ова полицскиот службеник [redacted] преку СМС од службен мобилен телефон го известил именуваниот за да од него добие повратна СМС порака дека за наведениот период имал испланирани фамилијарни обврски и дека нема да може да дојде на работа. За ова исто така била составена службена белешка од страна на полицискиот службеник [redacted] На 28.03.2023 година [redacted] бил известен за вонреден ангажман за 29.03.2023 година од страна на дежурен полициски службеник [redacted] во период од 06.00 за акциска контрола, а на ова полицискиот службеник [redacted] известил дека нема да биде во можност да дојде бидејќи се наоѓал во Скопје затоа што имал обврски на клиника. И за ова е сочинета службена белешка. По ова команирот на ПО Ростуше во одговорот напоменува дека полицискиот службеник [redacted] не е вонредно ангажиран на негово барање, за ова му било посочено да состави службена белешка но именуваниот одбил, а за истото можат да посведочат останатите полициски службеници. Понатаму командирот наведува дека откако именуваниот бил известен од другите полициски службеници дека ова има финансиски импликации по него како и по завршување на мерките за штедење од месец септември 2023 година кога МВР ги вратило во целост дозволените 32 часа прекувремен ангажман и дека овие часови ќе се наплаќаат, според командирот [redacted] тенденциозно ја поднел претставката против него со цел да му наштети и да прикаже дека е дискриминиран, која претставка можел да ја поднесе многу порано доколку сметал дека е дискриминиран.

Во произнесувањето понатаму се наведува дека во однос на упатувањето на [redacted] на обука во Гостивар, од страна на командирот му било предочено првиот ден од обуката во правец на Гостивар да користи јавен превоз поради службени обврски на командирот со службено возило, по што тој му понудил заедно да се враќаат, а за слениот ден на дежурниот полициски службеник [redacted] му било кажано да го извести [redacted] да користи службено возило заради пристигнување и враќање од обуката, кога командирот на ПО Ростуше користел слободен ден поради контролни прегледи во Скопје. На 07.03.2023 година, [redacted] не земал службено возило за посета на обуката, командирот патувајќи за Скопје попатно го видел именуваниот во м.в Маврови Анови дека користи јавен превоз, му укажал на командирот дека користел сопствено возило до одредено место по што командирот со негово приватно

возило го одвел до ПС Гостивар. За посетата на обуката [redacted] имал составено службена белешка и во истата немал наведено дека од страна на командирот тенденциозно не му било дадено да користи службено возило, а според наводите на командирот доколку тој вршел дискриминација врз именуваниот – не би го земал со приватно возило и одвел со истото до местото на спроведување на обуката.

Во однос на забелешките за патувањето од местото на живеење на [redacted] односно с. Скудриње до работното место, ПО Ростуше, командирот на ПО Ростуше наведува дека именуваниот барал командирот да ги планира неговите смени во ист период како и смените на неговиот брат [redacted] – полициски службеник вработен во ПО Ростуше како би можеле да користат приватно возило за доаѓање на работно место. Исто така се посочува дека има и други полициски службеници кои се од други населени места, а кои не се ставале во иста смена и сами доаѓале до работното место.

Во врска со забелешката за користењето на вториот дел од годишниот одмор за 2022 година, се наведува дека ваквата забелешка е неоснована поради тоа што месечниот план за работа се планирал и изготвувал пред почетокот на следниот месец, како што било направено и истиот на 28.05.2023 година бил оставен во дежурната служба. Полицискиот службеник [redacted] во месечниот распоред бил заведен за користење дел од годишен одмор сметано од 09.05.2023 година, согласно член 116 став (2) од Колективниот догор на МВР. Понатаму се наведува дека командирот после извесно време добил информација дека на 05.05.2023 година бил роденден на детето на полицискиот службеник [redacted] и дека заради оваа причина именуваниот можел да користи денови согласно член 107 став (4) од Колективниот договор. На овој датум именуваниот се јавил и телефонски известил дека од тој датум ќе користел боледување. Од страна на командирот било појаснето дека користењето на денови од годишен одмор се врши по однапред утврден план, земено предвид дека 01.05.2023 година бил државен празник, 04.05.2023 година имало најавен јавен собир по повод патрониот празник на Општина Маврово и Ростуше, а од 5ти мај до 7ми мај 2023 поради прослава на празник постоела потреба од ангажман на полициски службеници заради одржување и обезбедување на безбедносната состојба на наведеното подрачје.

Во произнесувањето е наведено дека своите отсуства подносителот на претставката [redacted] ниту еднаш писмено и со доказ не ги оправдал. Воедно се наведува дека по сопствено барање вонредно не е ангажиран уште еден полициски службеник во ПО Ростуше.

Кон произнесувањето во прилог доставен е табеларен приказ на часови поминати како вонреден ангажман на полицискиот службеник [redacted], по месеци за годините 2019, 2020, 2021, 2022 и 2023 година.

Врз основа на сето изнесено и утврдената фактичка состојба, во врска со предметната претставка за заштита од дискриминација, земени предвид одредбите од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во конкретниот случај не најде дека врз лицето [redacted] од с. Скудриње е сторена дискримнација од страна на командир на Полициско одделение Ростуше, [redacted], СВР Тетово, Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, а врз основа на политичка припадност во областа на работата и работните односи. Имено, Комисијата во конкретниот случај не утврди дека постои директна каузална врска помеѓу заштитната карактеристика – политичка припадност на подносителот на претставката со потенцираната повреда на правото на еднаквост во остварувањето на правата од работен однос, а што е услов за постоење на акт на дискриминација како што е таа опишана во член 6 од наведениот закон, според кој *Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.*

Предвид наведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

Скопје,
28.11.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]
- Архива